ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0203 - 4000/2
Дата, Data 08-05-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавните претпријатија и член 41 став 2 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација -Скопје на триесет и прва седница одржана на ден 08.05.2025 година, го дава следното

# МИСЛЕЊЕ

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Водовод и канализација –Скопје го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Водовод и канализација Скопје арх.бр.0302-3876/1 од 05.05.2025, за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година споредено со период 01.01.2024 до 31.03.2024 година.

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење дава ПОЗИТИВНО мислење за Извештајот за работењето на ЈП Водовод и канализација Скопје арх.бр.0302-3876//1 од 05.05.2025, за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година споредено со период 01.01.2024 до 31.03.2024 година и му предлага на Управниот одбор да го усвои.

2. Ова мислење да се достави до Управниот одбор.

Надзорен одбор за контрола на
материјално-финансиското работење
Претседател,
Никола Несторовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP

NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-4150/2
Дата, Data 14-05-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје на својата педесет и девета седница, одржана на ден 14.05.2025 година донесе

Në bazë të nenit 25 të Statutit të NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup, Këshilli drejtues i NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup në seancën e Pesëdhjetë e nëntë të mbajtur më datën 14.05.2025 solli këtë:

## О Д Л У К А
## за усвојување на Извештај за работењето на ЈП Водовод и канализација – Скопје за период од 01.01.-31.03.2025 година

## V E N D I M
## për miratim të Raportit për punën e NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup për periudhën nga 01.01.-31.03. 2025

### Член 1

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП Водовод и канализација –Скопје за период од 01.01.-31.03.2025 година арх.бр.0302-3876/1 од 05.05.2025 година.
Годишниот извештај е составен дел на оваа Одлука.

### Neni 1

Miratohet Raporti për punën e NP "Ujësjellësi dhe kanalizimi" – Shkup për periudhën nga 01.01.-31.03. 2025 me nr. ark. 0302-3876/1 të datës 05.05.2025.
Raporti vjetor është pjesë përbërëse e këtij Vendimi.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето

### Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

**на**

**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ**
**за период**

**Од 01.01- 31.03.2025 година споредено со 01.01-31.03.2024 година**

**Април, 2025 година**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-3876/1
Дата, Data 05-05-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

# 1.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ

## 1.1. ПРАВЕН СТАТУС

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје е основано со Одлука за поделба на претпријатието ЈКП Комуналец, во повеќе посебни претпријатија, заведено под број 02-8800/7 од 08.10.1992 година. Врз основа на наведената одлука, извршено е регистрирање во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје, со решение под бр. 1660/92 од 29.12.1992 година.
Управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје, донесе Статут заведен под бр. 0202-6023/4 од 09.05.2018 година, за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на Град Скопје.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е заведено во Трговскиот регистар во Основниот суд Скопје 1, според решение, П трег бр. 8116/05 од 23.01.2006 година и изврши усогласување со Законот за јавни претпријатија, со решение трег бр. 6432/99 од 15.10.2001 година, со што е извршено усогласување на основните акти на Јавното Претпријатие со Законот за јавни претпријатија.
Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје е основано од страна на Градот Скопје.

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје се:

- Управен одбор составен од 13(тринаесет) члена, со мандат од 4(четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;

- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 5(пет) члена, со мандат од 4(четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;

- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.2. ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие „Водовод и канализација" - Скопје врши дејност согласно последното усогласување со националната класификација на дејности и тоа:

Основна дејност на Претпријатието е:
36 ***Собирање, обработка и снабдување со вода***
36.000 Собирање, обработка и снабдување со вода
37 ***Отстранување на отпадни во***
37.000 Отстранување на отпадни води
Покрај основната дејност, Претпријатието обавува и други дејности:
43.2 ***Електроинсталатерски, водовоинсталтерски и други градежни инсталтерски работи***
43.220 Поставување водоводни и канализациски инсталации и инсталации за греење и клима-уреди
71 ***Архитектонски дејности и инженерство; техничко испитување и анализа***
71.1 Архитектонски и инжинерски дејности и поврзано техничко советување

71.110 Архитектонски дејности
71.120 Инжинерски дејности и поврзано техничко испитување
71.2 ***Техничко испитување и анализа***
71.200 Техничко испитување и анализа

## 1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА

Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје , се организира така што дејноста ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост , стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот ;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
6. Трајно , уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност , еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Претпријатието се организира во следните организациони единици :

**А) СЕКТОРИ**

- Сектор Водовод;
- Сектор Канализација;
- Сектор Механизација;
- Сектор Експлоатација и одржување на капацитети;
- Сектор Третман на отпадни води;
- Сектор за Технички работи и развој;
- Сектор Финансии, сметководство и комерција;
- Сектор Правни и општи работи;
- Сектор Наплата;
- Сектор Човечки ресурси;
- Сектор Меѓународна соработка,проекти и односи со јавност;
- Сектор за ИТ и развој ;
- Сектор Дежурно информативни работи;
- Сектор Санитарна контрола;

**Б) САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА**

- Одделение за внатрешна ревизија;
- Одделение за професионална одговорност;
- Одделение за јавни набавки.

Во состав на организационите единици - Сектори се формираат одделенија , а во состав на одделенијата во завосност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа може да се формираат и микро организациони единици- реони, пунктови и/или оддели.

ЈП Водовод и канализација Скопје, е субјект кој обезбедува единствено услуги поврзани со вода – водоснабдување, одведување и прочистување на урбани отпадни води во градот и голем број на приградски населби.

## 1.4 ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување во Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје се:

- Управен одбор составен од 13 (тринаесет) члена, со мандат од 4 (четири) години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје;
- Одбор за контрола на материјално-финансиско работење, составен од 5 (пет) члена, со мандат од 4 (четири) години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје;
- Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

## 1.5 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

ЈП Водовод и канализација - Скопје активностите ги извршува преку следните сметки, на ниво на правно лице:

| *Вид на сметка* | *Жиро сметка* | *Депонент банка* |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100031345745 | Централна Кооперативна банка |
| Денарска сметка | 300000000536834 | Комерцијална банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 300000002626311 | Комерцијална банка - Наменска сметка за исплата на плата и надоместоци од плата |
| Денарска сметка | 300000002641249 | Комерцијална банка - Наменска сметка за прием на депозит за учество на тендер |
| Денарска сметка | 300000003801854 | Комерцијална банка - Наменска сметка за деловни потреби |
| Денарска сметка | 300000005010862 | Комерцијална банка - Проек.и изград.на пречистит.станица за отпадни води СК-ЕБРД бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005010862 | Комерцијална банка- Проек. и изградба на пречистит.станица за отпадни води СК-ЕБРД бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005013772 | Комерцијална банка- Проек. и изградба на пречистит.станица за отпадни води ЕИБ бр.80-649 |
| Денарска сметка | 300000005025218 | Комерцијална банка- Проек. и изградба на пречистит.станица за отпадни води ВБИФ бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000005088753 | Комерцијална банка – Упр. со дог. и надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕБРД – бр.50376 |
| Денарска сметка | 300000005088947 | Комерцијална банка – Упр. со дог. и надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ЕИБ – бр80-649 |
| Денарска сметка | 3000000005089141 | Комерцијална банка – Упр. со дог. и надзор на изградба на преч.станица на одпадни води ВБИФ – бр.96578 |
| Денарска сметка | 300000003904480 | Комерцијална банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио број) |
| Девизна сметка | 0-270100107578 | Комерцијална банка - девизна |

| | | |
|---|---|---|
| Девизна сметка | 0-270100410319 | Упр.со дог. и надзор над изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Девизна сметка | 0-270100410335 | Проект и изград.на преч. стан.за одпадни води |
| Денарска сметка | 210045289990132 | Тутунска банка - Парични средства на трансак.сметка во денари |
| Денарска сметка | 210045289990811 | Тутунска банка- Наменска банка за уплата од граѓани(фолио број) |
| Денарска сметка | 200001170462617 | Стопанска банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 200002931409250 | Стопанска банка - Наменска банка за уплата од граѓани |
| Денарска сметка | 500000000729467 | Стопанска банка АД Битола - Парични средства на трансакц сметка во ден |
| Денарска сметка | 240010000862407 | Уни банка - Парични средства на трансакциска сметка во денари |
| Денарска сметка | 240000117051481 | Уни банка - Наменска с-ка за испл.на плата и надом. од плата |
| Денарска сметка | 250028000016522 | Шпаркасе банка - Парични средства на транс.сметка во денари |
| Денарска сметка | 250001002678247 | Шпаркасе банка - Наменска сметка за исплата на плата |
| Денарска сметка | 250101000435893 | Шпаркасе банка - Наменска банка за уплата од граѓани (фолио ) |
| Денарска сметка | 270045289990139 | Халк банка - Парични средства на трансакц. сметка во денари |
| Денарска сметка | 270045289990333 | Халк наменска банка-услуги од граѓани-фолио број |

## 1.6 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Вкупниот број на вработени во ЈП Водовод и Канализација - Скопје по кадрова евиденција со состојба 31.03.2025 година изнесува 1.037 работници, споредени со состојба на 31.03.2024 година од 1.102 работници.

Просечниот број на вработени по работни места за разгледуваниот период во 2025 година изнесува 1.036 работници и споредени со 2024 година, кога бројот на просечно вработени изнесува 1.108 работници.

За периодот 01-03/2025 година просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во апсолутен износ изнесува 1061 работник, намален е за 5,10% во однос на 01-03/2024 година, кога просечниот број на вработени врз основа на часови на работа изнесуваше 1.118.

## 2. ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

Во првиот квартал за 2025 година (01.01-31.03.2025) ЈП Водовод и канализација – Скопје искажува **позитивен финансиски резултат – Добивка пред оданочување во износ од 37,269,995.00 денари**.

Вкупните приходи од редовното работење за I квартал од 2025 година (01.01-31.03.2025) бележат зголемување во износ од 31,425,523.00 денари во споредба со истиот период од 2024 година, а вкупните расходи од редовно работење во I квартал од 2025 (01.01-31.03.2025) се намалени во износ од 151,388,840.00 денари во споредба со истиот период од 2024 година.

**Остварената Добивка по одданочување во I квартал од 2025 година (01.01-31.03.2025) изнесува 34,297,492.00 денари.**

| *Р.б.* | *Назив* | *01-03.2025* | *01-03.2024* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупни приходи од работењето | 408,054,808 | 376,629,285 | +8.34 |
| 2 | Вкупни расходи од работењето | 374,940,694 | 526,329,534 | -28.76 |
| *3* | *Добивка/загуба од редовното работење* | *33,114,114* | *-149,700,249* | |
| 4 | Вкупно финансиски приходи | 7,373,623 | 8,758,941 | -15.82 |
| 5 | Вкупно финансиски расходи | 3,217,742 | 3,343,344 | -3.75 |
| 6 | *Добивка загуба пред одданочување (3+4-5)* | *37,269,995* | *-144,284,652* | |
| 7 | Данок од добивка по Даночен биланс | 2,972,503 | / | |
| 8 | ***Добивка / Загуба по оданочување*** | ***34,297,492*** | ***-144,284,652*** | |

## *2.1. БИЛАНС НА УСПЕХ*

За периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година споредени со билансот на успех за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година :

| *Р.б.* | *Позиции* | *АОП* | *Износ* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *Тековна година 01-03.2025* | *Претходна година 01-03.2024* |
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | 201 | **408,054,808** | **376,629,285** |
| 2 | Приходи од продажба | 202 | 361,178,830 | 349,752,574 |
| 3 | Останати приходи | 203 | 39,801,836 | 26,659,445 |
| 4 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 7,074,142 | 217,266 |
| 6 | **II.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220 +221+222)** | 207 | **374,940,694** | **526,329,534** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 95,209,232 | 64,250,708 |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали,резервни делови,ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | 133,243 | 79,631 |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 16,991,957 | 20,365,250 |
| 11 | Останати трошоци од работењето | 212 | 7,959,632 | 34,115,166 |
| 12 | Трошоци за вработените (214+215+216+217) | 213 | 198,041,954 | 188,024,927 |
| 12-а | Плати и надоместоци на плата(нето) | 214 | 128,883,869 | 123,490,355 |
| 12-б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 10,816,403 | 10,214,459 |
| 12-в | Придонес од задолжително социјално осигурување | 216 | 56,167,547 | 53,671,345 |
| 12-г | Останати трошоци за вработените | 217 | 2,174,135 | 648,768 |
| 13 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 218 | 52,209,207 | 58,679,804 |
| 15 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 220 | / | 153,878,216 |
| 17 | Останати расходи од работењето | 222 | 4,395,469 | 6,935,832 |
| 18 | **III ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | 223 | **7,373,623** | **8,758,941** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва(225+226+227+228)** | 224 | / | / |
| 21 | Приходи по основ на камати од работењето со неповрзани друштва | 230 | 3,975,581 | 8,758,905 |
| 22 | Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 231 | 3,398,042 | 36 |
| 25 | **IV ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | 234 | **3,217,742** | **3,343,344** |
| 27 | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 1,056,876 | 2,111,045 |
| 28 | Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 240 | 1,880,478 | 460,837 |
| 31 | Останати финансиски расходи | 243 | 280,388 | 771,462 |
| 34 | **Добивка од редовно работење (201+223+244)**–(204-205+207+234+245) | 246 | **37,269,995** | **/** |
| 35 | **Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+224)** | 247 | **/** | **144,284,652** |
| 39 | Добивка пред оданочување (247+249) или (247-248) | 250 | 37,269,995 | / |
| 40 | Данок од добивка | 252 | 2,972,503 | / |
| 43 | **Нето добивка за деловната година (250-252+253-254)** | **255** | **34,297,492** | **/** |
| 44 | **Нето загуба за деловната година (251+252-253+254)** | 256 | **/** | **144,284,652** |
| | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 1,061 | 1,118 |
| | Број на месеци на работење | 258 | 3 | 3 |

Во продолжение дадени се расчленети сите приходи и расходи по категории, нивната структура и споредба со изминатата година како и причините кои влијаеле на нивната висина.

## I. Приходи од работењето
## 1. Приходи од продажба

| Рб | Конто | Елементи | 01-03/2025 | Стр. | 01-03/2024 | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 361,130,270 | 99.99 | 343,819,928 | 99.99 | +5.03 |
| 2 | 742 | Приходи од продажба на услуги во странство | 10,934 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0.00 |
| 3 | 747 | Приходи од наемнини | 37,626 | 0.01 | 28,626 | 0.01 | +31.44 |
| | | ***Вкупно:*** | ***361,178,830*** | ***100%*** | ***349,752,574*** | ***100%*** | **+3.27** |

Приходите од продажба по видови дадени се во следната табела:

| Р.б. | Конто | Приходи од продажба | 01-03/2025 | Стр | 01-03/2024 | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | | ***Приходи од продажба на водни услуги*** | **348,954,627** | **96.62** | **338,478,395** | **96.78** | **+3.10** |
| | *740011* | *-приходи од продажба на вода домаќинство* | 209,451,400 | 57.99 | 210,507,437 | 60.19 | -0.50 |
| | *740010* | *-приходи од продажба на вода стопанство* | 139,503,227 | 38.62 | 127,970,958 | 36.59 | +9.01 |
| **2** | ***740105*** | ***Приходи од продажба на вода без ДДВ*** | **32,766** | **0.01** | **38,800** | **0.01** | **-15.55** |
| **3** | ***74001111*** | ***Приходи од манипулативни трошоци*** | **246,246** | **0.07** | **108,244** | **0.03** | **127.49** |
| **4** | **740100-741014** | ***Приходи од услуги*** *(приклучоци,хидротехнички услови, хлорирање, отпушување канализација, анализа на вода, утврдување на дефекти, испитување и промена на водомери)* | **4,512,955** | **1.25** | **4,276,000** | **1.22** | **+5.54** |
| **5** | ***740102*** | ***Приходи од услуги на поврзани субјекти*** | **7,383,676** | **2.04** | **6,822,509** | **1.95** | **+8.23** |
| **6** | ***742*** | ***Приходи од продажба на услуги во странство*** | **10,934** | **0.00** | **0** | | **0.00** |
| **7** | ***747*** | ***Приходи од наемнини*** | **37,626** | **0.01** | **28,626** | **0.01** | **+31.44** |
| | | ***Приходи од продажба на услуги*** | ***361,178,830*** | ***100%*** | ***349,752,574*** | ***100%*** | **+3.27** |

Приходите од продажба на услуги по категории се поделени на:

- Приходи од водни услуги (продажба на вода, отпадни води и прочистување на отпадни води)
- Приходи од други извршени услуги (хидротехнички услуги, услуги за приклучување на водоводна и канализациона мрежа, хлорирање, испитување и промена на водомери, анализа на вода, отпушување на канализација, утврдување на дефекти)
- Приходи од извршени услуги во работењето со поврзани субјекти
- Приходи од наемнини

Приходите од продажба на водни услуги учествуваат со 96,62% во вкупните приходи од продажба остварени за период од 01-03/2025 година и истите се зголемени за 3,10% во однос на претходниот анализиран период, односно во апсолутна бројка **зголемување во износ од 10,476,232.00 денари** во однос на истиот период од 2024 година.

Приходите од продажба на водни услуги бележат:
- намалување на приходите од продажба на водни услуги кај категоријата домаќинство за 0,50% во однос на периодот 01-03/2024 година или во износ од **1,056,037.00 денари**
- зголемување на приходите од продажба на вода кај категоријата стопанство за 9,01% во однос на периодот 01-03/2024 година, или во износ од **11,532,269.00 денари**

Кај **категоријата домаќинство**, причината за намалување на приходите од продажба на водна услуга е резултат на намалување на потрошувачката на вода кај дел од корисниците.

## 2. Фактурирана реализација во м3 - водни услуги 01- 03.2025 година:

| *Категорија на потрошувачи* | *01-03/2025* | *01-03/2024* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|
| **Домаќинство** | | | |
| Водоснабдување | 6,610,190 | 6,660,921 | -0.76 |
| Одведување на отпадни води | 5,758,010 | 5,742,007 | +0.28 |
| Прочистување | 5,758,010 | 5,742,007 | +0.28 |
| **Стопанство** | | | |
| Водоснабдување | 3,213,986 | 2,911,614 | +10.39 |
| Одведување на отпадни води | 1,946,448 | 1,847,085 | +5.38 |
| Прочистување | 1,946,448 | 1,847,085 | +5.38 |
| ***Вкупно Водоснабдување*** | ***9,824,176*** | ***9,572,535*** | ***+2.63*** |
| ***Вкупно Одведување на отпадни води*** | ***7,704,458*** | ***7,589,092*** | ***+1.52*** |
| ***Вкупно Прочистување*** | ***7,704,458*** | ***7,589,092*** | ***+1.52*** |

За период од 01-03/2025 година, вкупно фактурирана количина за водната услуга – водоснабдување изнесува ***9,824,176* м3**, и се бележи зголемување за 2.63% во однос на 01-03/2024 година, за водната услуга Одведување на отпадни води ***7,704,458* м3** се бележи зголемување од 1,52% во однос на 01-03/2024 година, и за прочистување на отпадни води ***7,704,458 м3***, се бележи зголемување од 1,52% во однос на 01-03/2024 година.

Фактурираната количина на вода кај категоријата домаќинство изразена во $м^3$ за водна услуга – водоснабдување е намалена за 0,76%, за услугата одведување и прочистување на отпадни води се бележи зголемување од 0,28 %.
Фактурираната количина на вода кај категоријата стопанство изразена во $м^3$ за водна услуга – водоснабдување е зголемена за 10,39%, и за услугата одведување и прочистување на отпадни води се бележи зголемување од 5,38%.

## 3. Прилив на средства

Приливот на средства во претпријатието (без делот за Паркови и зеленило, Фонд за води и ДДВ) за анализираниот период по категории на корисници даден е во следниот преглед:

| *Категорија на потрошувачи* | *01-03/2025* | *01-03/2024* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|
| Домаќинство | 191,367,176 | 171,269,115 | +11.73 |
| Стопанство | 121,487,070 | 104,572,528 | +16.17 |
| **Вкупно** | **312,854,246** | **275,841,643** | **+13.42** |

Приливот на средства во претпријатието за сите услуги кои ги дава претпријатието за периодот од 01-03/2025 се зголемени за 13,42% во поглед на наплатата на редовните и на тужените побарувања од делот домаќинство и стопанство споредбено со 01-03/2024.

**Домаќинство:**

| *Опис* | *01-03/2025* | *01-03/2024* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|
| Редовни сметки | 168,220,614 | 155,612,468 | +8.10 |
| Тужени сметки | 23,146,562 | 15,656,647 | +47.84 |
| **Вкупно** | **191,367,176** | **171,269,115** | ***+11.73*** |

Приливот на средства кај категоријата домаќинство е зголемен за 11,73%, као резултат на зголемената наплата на редовни и тужени побарувања од спроведена акција за наплата без камата.

**Стопанство:**

| *Опис* | *01-03/2025* | *01-03/2024* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|
| Редовни смеки | 117,956,926 | 102,203,085 | +15.41 |
| Тужени сметки | 3,530,144 | 2,369,443 | +48.99 |
| **Вкупно** | **121,487,070** | **104,572,528** | ***+16.17*** |

Кај категоријата стопанство приливот на средствата за редовните и тужените побарувања се зголемени за 16,17%, односно во делот на тужените побарувања за 48,99% како и на редовните побарувања за 15,41%.

## 4. Останати приходи

| Рб | конто | Елементи | 01-03/2025 | Стр | 01-03/2024 | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски | 34,297,356 | 86.17 | 21,861,092 | 82.00 | +56.89 |
| 2 | 769 | Останати приходи од работењето | 5,504,480 | 13.83 | 4,798,353 | 18.00 | +14.72 |
| | | **Вкупно останати приходи** | **39,801,836** | **100%** | **26,659,445** | **100%** | **+49.30** |

Во останати приходи се приходи од наплатени тужени и отпишани побарувања, приходи од наплатените штети од осигурителни компании за пријавени штети на имот, приходи од користење одморалишта, приходи од заокружување и усогласување со Билинг, приходи по основ на субвенции и донации и останати приходи од редовно работење на Претпријатието.

Во продолжение даден е преглед на приходите к-то 765 – Приходи од наплатени отпишани побарувања од предходни години:

| Рб | конто | Елементи | 01-03/2025 | Стр | 01-03/2024 | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 76501 | Приходи од наплатен главен долг по тужби - стопанство | 3,530,144 | 10.29 | 2,369,443 | 10.84 | +48.99 |
| 2 | 765011 | Приходи од наплатен главен долг по тужби - домаќинство | 23,146,562 | 67.49 | 15,656,647 | 71.62 | +47.84 |
| 3 | | Приходи од наплатени судски, нотарски, трошоци за достава и други трошоци - домаќинство и стопанство | 5,688,626 | 16.59 | 3,109,035 | 14.22 | +82.97 |
| 4 | 7652 | Приходи од наплатени отпишани побарувања стопанство | 465,519 | 1.36 | / | 0.00 | / |
| 5 | 7650063/ 630 | Приходи по основ наплатени застарени отпишани побарувања домаќинство | 1,466,505 | 4.28 | 725,967 | 3.32 | 2,02 пати |
| | | **Вкупно останати приходи** | **34,297,356** | **100%** | **21,861,092** | **100%** | **+56.89** |

Во првиот квартал од 01-03/2025 година приходите од наплатени тужени и отпишани побарувања бележат **зголемување од 56,89% и во апсолутен износ од 12,436,264.00 денари** како и во делот на приходи по основ наплатени застарени отпишани побарувања домаќинство и стопанство за 2,02 пати.

## 4. Капитализирано сопствено производство

| Рб | Конто | Елементи | 01-03/2025 | 01-03/2024 | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 7450 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 7,074,142 | 217,266 | / |
| | | ***Вкупно:*** | ***7,074,142*** | ***217,266*** | ***/*** |

Согласно МСС 16 *„Набавната вредност на средствата кои се изведуваат во сопствена режија се утврдува со користење на истите принципи како и за стекнување на средството„. Капитализираните сопствено создадени добра се евидентираат на приходи врз основа на употреба на сопствените добра, а издатоците за создавање на употребната вредност истовремено се евидентира и како трошок за создавање на добрата. (капитализација на сопствени трошоци).*

За периодот 01-03/2025 година ЈП Водовод и канализација – Скопје беа реконструирани следните водоводни мрежи во сопствена режија, за што всушност се искажани приходи за капитализирано сопствено производство.

| Р.бр. | Назив | 01.01-31.03.2025 |
|---|---|---|
| **Сектор Водовод - Сопствена Режија** | | |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од улица „1„(пат за Батинци) | 573,649 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа - Тафталице | 1,515 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталице | 3,940 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталице(објект бр.40/2020 и 49/2022) | 10,404 |
| | Монтажа на водомери на парковска мрежа -„парковски шахти„ - Тафталице(објект бр.42/2021) | 2,121 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од улица „1„ ББ село Добри Дол | 944,460 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по крак на ул.60-населба Волково | 390,010 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по дел од ул.1 -Стопански Двор | 1,080,850 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Индустриска-ББ (до Мерцедес) | 1,459,260 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа бул.Борис Трајковски(нов кружен тек-патот кон Батинци) | 268,895 |
| | Поврзување на корисници од стара на нова мрежа ул.Франц Прешерн-нас.Влае | 71,515 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа ул.Љуботенски пат ББ | 251,199 |
| | Реконструкција на водоводна мрежа по бул.Борис Трајковски Н.М.Пинтија | 2,016,324 |
| | **Вкупно довршена мрежа-Сопствена режија** | **7,074,142** |

## II.Расходи од работењето

Расходите од работењето ги опфаќаат;

- Трошоци за суровини и други материјали
- Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар,амбалажа и авто гуми
- Услуги со карактер на материјални трошоци
- Останати трошоци од работењето
- Трошоци за вработени
- Амортизација на материјални и нематеријални средства
- Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства
- Останати расходи од работењето

### 1. Трошоци за суровини и други материјали

| *Рб* | *К-то* | *Елементи* | *01/03/2025* | *Стр.* | *01/03/2024* | *Стр.* | *Инд.%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Трошоци за материјали | 7,148,531 | 7.51 | 8,772,917 | 13.65 | -18.52 |
| 2 | 405 | Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 11,322,464 | 11.89 | 5,814,942 | 9.05 | +94.71 |
| 3 | | ***Вкупно вградени материјали и делови од залихи (401+405)*** | ***18,470,995*** | 19.40 | ***14,587,859*** | **22.7** | **+26.62** |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија | 75,748,060 | 79.56 | 43,248,237 | 67.31 | +75.15 |
| 5 | 408 | Трошоци за ситен инвентар , амбалажа и авто гуми | 990,177 | 1.04 | 6,414,612 | 9.98 | -84.56 |
| | | ***Вкупно:*** | ***95,209,232*** | **100%** | ***64,250,708*** | ***100%*** | ***+48.18*** |

Трошоците за материјали **конто 401** и трошоците за резервни делови и материјали за тековното и инвестиционо одржување **конто 405** се анализираат заедно од причина што тие ги искажуваат трошоците за употребените залихи на материјали и резервни делови од магацините на претпријатието. Вкупниот износ за период од 01-03/2025 изнесува 18,470,995 денари, додека во периодот од 01-03/2024 истите изнесуваат 14,587,859 денари.

Трошоците на **К-то 408** за ситен инвентар, амбалажа и авто гуми, кои согласно сметководствените политики усвоени од Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје бр.0202-1252/3 од 10.02.2020 година се материјални средства кои веднаш се признаваат како расход со ставање во нивна употреба кои имаат мала вредност и се користат помалку од една година и бележат намалување за 84,56% во периодот од 01-03/2025 година во споредба со периодот од 01-03/2024 година.

Во продолжение следи детална поделба на ***трошоците за материјали К-то 401***:

| Рб | Елементи | Конто | 01/03/2025 | Стр. | 01/03/2024 | Стр. | Инд .% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошен канцелариски материјал | 4010 | 583,410 | 8.16 | 566,794 | 6.46 | +2.93 |
| 2 | Потрошени суровини и материјали | 40109 | 298,119 | 4.17 | 202,456 | 2.31 | +47.25 |
| 3 | Потрошени резервни делови | 40110 | 11,899 | 0.17 | 324 | 0.00 | / |
| 4 | Потрошени материјали за тековно одржување | 40111 | 3,519,853 | 49.24 | 5,258,174 | 59.94 | -33.06 |
| 5 | Потрошен материјал за тековно одржување - хлор | 40113 | 2,194,001 | 30.69 | 1,013,652 | 11.55 | 2,16 п |
| 6 | Потрошен материјал за одржување хигиена | 4012 | 107,614 | 1.51 | 72,985 | 0.83 | +47.45 |
| 7 | Трошоци за униформи, други работни одела и ХТЗ опрема | 4014 | 433,635 | 6.07 | 1,658,532 | 18.91 | -73.85 |
| | **Вкупно:** | | **7,148,531** | **100%** | **8,772,917** | **100%** | **-18.52** |

Во периодот 01-03/2025 евиденцијата е со подетална поделба на типот на трошоците со подетална аналитика на конто 401.

**Трошоците за материјали, конто- 401**, ги опфаќаат трошоците за материјали за редовно работење и за тековно одржување на водоводната инфраструктура, пумпни и хидрофорски станици, лабараторија, машинобраварска работилница, (во најголем дел, трошоци за материјали за тековно одржување, трошоци за ХТЗ опрема униформи и други работни одела и обувки и сл.материјал, трошоци за градежните материјали од градежната група од Сектор ЕОК кои се користат за одржување на објектите на претпријатието, потрошокот на канцелариски материјали и сл.материјали.)
Овие трошоци за периодот од 01-03/2025 вкупно бележат **намалување за -18,52%** во споредба со истиот период од 2024 година. Зголемен е трошокот за набавка на хлор за хлорирање на водоводна мрежа од 2,16 пати како резултат на зголемување на цената за набавка на гасен хлор за хлорирање на водата за пиење.

Аналогно на претходната табела, прикажани од ***трошоците за резервни делови за одржување на Конто 405***

| Рб | Елементи | Конто | 01-03/2025 | Стр. | 01-03/2024 | Стр. | Инд % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Потрошени резервни делови за тековно одржување | 4052 | 3,567,544 | 31.51 | 4,111,213 | 70.70 | -13.22 |
| 4 | Потрошени резервни делови за инвестиционо одржување | 4053 | 7,074,142 | 62.48 | 217,266 | 3.74 | / |
| 5 | Потрошени резервни делови вградени во возила | 4056 | 680,778 | 6.01 | 1,486,463 | 25.56 | -54.20 |
| | **Вкупно:** | **405** | **11,322,464** | **100%** | **5,814,942** | **100%** | **+94.71** |

**Трошокот за резервни делови (конто 405),** во периодот за 01-03/2025 бележи зголемување за 94,71% во однос на периодот од 01-03/2024 а се однесува на потрошени резервни делови за инвестиционо одржување на канализационата и водоводната мрежа и нивна капитализација во сопствена режија. Трошоците за инвестиционо одржување во износ од 7,074,142.00 денари се спротивставуваат со приходите од капитализирано сопствено производство во ист износ од 7,074,142.00 денари, со што се утврдува зголемување на инвестициони активности во поглед на реконструкции на водоводни мрежи и нивно активирање.
Намалување е забележано во делот на потрошени резервни делови вградени во возила и тоа за -54,20% како и потрошени резервни делови за тековно одржување за 13,22%.

Во продолжение следи детална поделба на ***трошоците за енергија -Конто 403***

| Рб | Конто | Потрошена енергија | 01-03/2025 | 01-03/2024 | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4030 | Потрошена електрична енергија | 70,766,690 | 37,485,753 | +88.78 |
| 2 | 40300 | Надомест за пристап на електродистрибутивниот систем | 171,636 | 115,908 | +48.08 |
| 3 | 4031 | Потрошена топлотна енергија | 439,568 | 726,561 | -39.50 |
| 4 | 40320 | Потрошени масла (уље за машини и возила) и агрегати | 145,355 | 47,149 | 3.08 пати |
| 5 | 40321 | Потрошена нафта за греење | 1,719,438 | 1,774,900 | -3.12 |
| 6 | 4033<br>40331 | Потрошено гориво за товарни возила и лесни возила (нафта) | 2,193,892 | 2,618,141 | -16.20 |
| 7 | 4034<br>40341 | Потрошено гориво за патнички и товарни возила (бензин) | 246,605 | 332,948 | -25.93 |
| 8 | 4035 | Потрошени брикети и други цврсти горива, оксиген боци | 64,876 | 146,878 | -55.83 |
| | | ***Вкупно:*** | ***75,748,060*** | ***43,248,238*** | ***+75.15*** |

За период од 01-03/2025 година, **трошоци за енергија се зголемени за 75,15%.** Трошокот за електрична енергија во наведениот период забележува зголемување од 88,78% во однос на истиот период за 2024 година.
Во наведениот период потрошени се 6.197.949Kwh електрична енергија што компаративно со истиот период во 2024 година покажува **зголемување за 951.073Kwh или 18,13%.** Зголемување на трошокот на електрична енергија е резултат и на движењето на цената на електричната енергија на слободниот пазар – берзата HUPEX кои покажуваат варијации во однос на цената за 1MWh според HUPEX.

- Зголемена цена за потрошена електрична енергија во однос на истиот период во 2024 година. Податоци за цена на електрична енергија според HUPEX за 2024/2025: јан 85.73/140.19, фев 69.35/158.88, март 65.12/109.02; Зголемената потрошувачка на електрична енергија во претпријатието, е пред се во доменот на водната услуга за снабдување со вода за пиење – водоснабдување.

Во периодот од 01-03/2025 година се забележува и **намалување на трошок за потрошено гориво** (нафта) за товарни возила во износ од 16,20% во споредба со 2024 година во истиот период како и трошокот за бензин и тоа за 25,93%.
Во оваа категорија на трошоци зголемен е трошокот и за набавка на масла, уље и нафта за агрегати во износ од 3,08 пати поради зголемување на цената на масла и уље на пазарот и потребата од замена на масла и уље на возилата согласно поминати километри.

## 2. Набавна вредност на продадени стоки и услуги

| Рб | Елементи | 01-03/2025 | 01-03/2024 | Инд.% |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 133,243 | 79,630 | +67,33 |
| | ***Вкупно:*** | ***133,243*** | ***79,630*** | **+67,33** |

Набавната вредност на продадени стоки и услуги **К-то 703** го опфаќа трошокот од продажба на материјалите и резервните делови од магацин за извршување на услугите на корисниците околу приклучување кон водоводната и канализациона мрежа.

## 3.Услуги со карактер на материјални трошоци

| Р.бр | конто | Елементи | 01-03/2025 | Стр | 01-03/2024 | Стр | Инд.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 411 | Транспортни услуги, поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 1,091,001 | 6.42 | 1,242,359 | 6.1 | -12.18 |
| 2 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 8,041,668 | 47.33 | 11,298,945 | 55.48 | -28.83 |
| 3 | 414 | Наемнини – лизинг | 156,101 | 0.92 | 192,511 | 0.95 | -18.91 |
| 4 | 415 | Комунални услуги | 667,746 | 3.93 | 616,497 | 3.03 | +8.31 |
| 5 | 416 | Трошоци за истражување и развој | 4,940,400 | 29.07 | / | 0,00 | / |
| 6 | 419 | Останати услуги | 2,095,041 | 12.33 | 7,014,938 | 34.45 | -70.13 |
| | | ***Вкупно:*** | ***16,991,957*** | ***100%*** | ***20,365,250*** | ***100%*** | ***-16.6*** |

Услугите со карактер на материјални трошоци во периодот од 01-03/2025 година бележат **намалување од 16,6%** во однос на истиот периодот во 2024 година.

**Конто 411- Трошоци кои се однесуваат на поштански услуги, телефонски услуги, интернет и ГПС трошок**, за период од 01-03/2025 се намалени за 12,18% во однос на периодот од 01-03/2024 година или во апсолутен износ за 151,358.00 денари. Намалувањето е резултат на намалување на трошоците за фиксна и мобилна телефонија.

**Конто 413 – услуги за одржување** и заштита опфаќа услуги за санирање на прекопи на по извршени интервенции од дефекти на водоводната мрежа, одржување на пумпите, винклување на мотори, услуги за одржување и поправки на простории, услуги за одржување на компјутерска опрема и програми. За периодот од 01-03/2025 година овој трошок бележи намалување за -28,83% во однос на истиот период во 2024 година или апсолутен износ намалување за 3,257,277.00 денари, како резултат на намалување на трошоците за санирање на прекопи (асфалтирање на сообраќајни површини) по извршени интервенции.
